# „Можеби ќе дојде време кога некој ќе слушне за мојот хадис додека лежи на својата софа и ќе каже: ‚Меѓу нас и вас е Аллаховата Книга

Микдам бин Ма’дикериб, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Можеби ќе дојде време кога некој ќе слушне за мојот хадис додека лежи на својата софа и ќе каже: ‚Меѓу нас и вас е Аллаховата Книга. Што ќе најдеме во неа дека е дозволено, ќе го сметаме за дозволено, а што ќе најдеме дека е забрането, ќе го сметаме за забрането.’ Навистина, она што го забранил Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, е еднакво како и она кое го забранил Аллах.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي وابن ماجه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека ќе дојде време кога некои луѓе ќе седат, ќе бидат потпрени на нивните седелки и ќе слушне хадис од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, па ќе каже: „Она што ќе го реши спорот меѓу нас и вас е Куранот, тој ни е доволен. Што ќе најдеме во него дека е дозволено, ќе го спроведуваме, а што ќе најдеме дека е забрането, ќе го избегнуваме.“ Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објасни дека сè што тој го забранил или го прогласил за харам во својот сунет, е исто како она кое Аллах го забранил во својата Книга, бидејќи тој е пренесувачот од својот Господар.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65005